*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите**

Број 19-6065/1 12.12.2024 година

Врз основа на членот 39 ставови (1), (2), (3), (4), (5) и (7) од Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ број 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19 и 154/23) и Одлуката за распишување на јавен повик за ангажирање на двајца технички експерти за постојана поддршка на Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите број 19-5967/3 од 12.12 2024 година, Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија, објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК

### ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ДВАЈЦА ТЕХНИЧКИ ЕКСПЕРТИ ЗА ПОСТОЈАНА ПОДДРШКА НА КОМИСИЈАТА ЗА НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

1. Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија, (во натамошниот текст: „Комисијата“) објавува Јавен повик за ангажирање на двајца технички експерти за постојана поддршка на Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите заради вршење надзор над мерките за следење на комуникациите што се спроведуваат од овластените органи, како и надзор над операторите и ОТА за да се утврди законитоста на спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од членовите 7 и 18 од Законот за следење на комуникациите

2. Техничките експерти за постојана поддршка на Комисијата треба да ги исполнуваат следните услови:
   - да е државјанин на Република Северна Македонија;
   - да има деловна способност;
   - да е здравствено и психофизички способен;
   - во моментот на распишување на јавниот повик со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
   - да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно VII/1 степен на образование во следните области: информатика, електротехника, компјутерска техника и информатика, телекомуникационо инженерство и компјутерска безбедност;
   - да има минимум десет години работно искуство по завршување на високото образование во областите од алинеја 5 на оваа точка;

- да поседува безбедносен сертификат со соодветен степен за пристап до класифицирани информации или да биде подготвен да помине низ процес на безбедносна проверка, со цел да добие безбедносен сертификат.

3. Со техничките експерти за постојана поддршка на Комисијата, Собранието склучува договор врз основа на кој им следува месечен надоместок во бруто-износ од една просечна исплатена нето-плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата. На техничките експертите не им се исплаќа надоместок за месецот во којшто не се ангажирани. На техничките експерти кои живеат надвор од градот Скопје им следува и надоместок на патни трошоци во висина од цената на билет за користење на јавен превоз.

4. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од точката 2 на овој Јавен повик, во рок од 14 дена од денот на неговото објавување, пријавата и личната биографија како и документите со кои се докажува исполнувањето на условите, во оригинал или заверена копија на нотар, треба да ги поднесат до архивата на Собранието на Република Северна Македонија, со назнака „за Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија".
Пријавата ќе биде објавена и достапна на веб страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

5. Јавниот повик ќе се објави во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха" како и на веб страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

**Претседател**
**на Комисија за надзор над спроведување**
**на мерките за следење на комуникациите**
м-р Миле Талевски